**Известување за концентрација со која Алвин АГ, Швајцарија ќе стекне целосна контрола врз Камелот Глобал Лотери Солушнс Лимитид, Обединето Кралство (предмет бр. 08-13/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 11.01.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на целосна контрола од Алвин АГ, со седиште на Веинмаркт 9, 6004 Луцерн, Швајцарија, врз друштвото Камелот Глобал Лотери Солушнс Лимитид, со седиште на Магдален Хаус, Толпитс Лејн Ватфорд, Хертфордшир ВД18 9РН, Обединето Кралство, преку купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Алвин АГ** е водечки глобален оператор на лотарија, фокусиран на градење подобри лотарии преку иновации, технологија, ефикасност и безбедност. Алвин АГ е дел од ККЦГ групацијата.

ККЦГ групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергија, недвижности, информатички технологии и е активна во повеќе од 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање;
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место; и
- Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

**Камелот Глобал Лотери Солушнс Лимитид** како приоритетна дејност има организирање на лотаријата во Илиноис врз основа на договор за управување, како и давање на советодавни услуги на Лотаријата за стипендии во Арканзас во САД. Воедно, Камелот Глобал Лотери Солушнс Лимитид обезбедува решенија на одредени B2B платформи за лотарија и софтверски услуги за дигитални игри за националните оператори за лотарија низ Северна Америка и Европа. Камелот Глобал Лотери Солушнс Лимитид нема деловни активности во Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за целите на оценка на оваа концентрација може да биде дефиниран како пазар на услуги на игри на среќа во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.01.2023 година
Скопје